ПОВИК ЗА УЧЕСТВО ВО ФОКУС ГРУПИ

Во рамки на проектот ФИСКАСТ+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите квалитет на живот, образование и здравство

1. Општи информации

Институтот за економски истражувања и политики Finance Think, Скопје, со поддршка од Британска Амбасада, Скопје, го спроведува проектот ФИСКАСТ+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите квалитет на живот, образование и здравство чија цел е да се истражи ефикасноста и квалитетот на избрани политики во областите на квалитет на животот, образование и здравство, преку јавна дебата и решенија за политиките кои произлегуваат од податоци и докази.

Со цел да се слушнат ставовите на граѓаните за клучни прашања поврзани со трите теми од интерес на овој повик: квалитет на живот, образование и здравство и нивните идеи и насоки за подобрување на овие политики, Finance Think организира фокус групи во четири градови во земјава: Скопје, Прилеп, Штип и Тетово. Фокус групите ќе се одржат во периодот 16 - 30 Септември 2016 година, и секој учесник ќе добие финансиски надомест од 500 денари.

2. Начин на пријавување

Право на пријава за учество во фокус групите имаат сите граѓани кои ги исполнуваат следниве два критериуми:

1. Да се жители на една од горенаведените општини; и
2. Да се на возраст од најмалку 18 години.

Сите заинтересирани лица може да аплицираат со пополнување на Пријавата за учество во фокус група, која може да се најде на следниот линк.

Рокот за пријавување за учество е **понеделник, 12 септември 2016 година**. Избраните кандидати ќе бидат контактирани на електронската адреса или телефонскиот број наведен во пријавата.